Роден 1933 година во источна Прусија. Студира стопанско инжинерство на Факултетот за науките на културата и државата на Техничката виша школа во Дармштат, каде што од 1963 година работи како асистент. Овде тој се стекнува и со докторската титула. Во 1965 година авторот се вработува во Министерството за надворешни работи на Германија. Во рамките на неговото службување во странство, престојува во Франција, Гвинеја, Финска и поранешна Југославија. Како амбасадор, Штепан има работено во Катар, Чад и во Македонија.



**Ханс-Лотар Штепан**
**(Hans-Lothar Steppan)**

# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ

### 2.2.4 Надворешни влијанија во полза на Балканскиот сојуз против Германија и Австрија

Младотурската револуција во јули 1908 год., со уривање на автократскиот султан Абдул Хамид II, не само што изврши огромно влијание во внатрешноста на Османлиското царство туку и надвор од неа. Се чинеше дека програмата на Младотурците *„слобода, еднаквост, рамноправност"* најави движење како кај Француската револуција.

Последиците, во поголем дел беа ненамерни:

Кака прво, Австрија ја најави својата намера да ја анектира Босна. На овој сигнал Бугарија веднаш реагираше; веќе следниот ден, на 5 октомври 1908 год., таа ја објави својата независност и се прогласи за кралство. Дури тогаш Виена стапи на дело: следеше заземање на Сараево - иако имаше неочекувано силен отпор.

Исто така, и потенцијалните членови на Балканскиот сојуз започнаа посебни активности. Тие се заканува дека ќе се „фрлат на работа", така што подоцна весникот „Тајмс" (*The Times*) напиша дека Младотурската револуција врз плановите за основање на Балкански сојуз дејствувала како „deus ex machina". Главната причина за нивната несоодветна тактика беше стравувањето дека на Младотурците можеше дури и да им успее повторно да го консолидираат уморното Османлиското царство; тогаш евентуалното остварување на сопствените планови, во прв ред насочени кон експанзија, би морало да се пролонгира ad calendas graecas.

Ова беше суштинското објаснување на балканските држави за создавањето на Балканскиот сојуз и за избивањето војна со Турција околу Македонија. Сепак, самата желба во никој случај не беше доволна идејата да прерасне во дело - на што уште ќе се укажува.

Влијание врз Балканскиот сојуз имаше и однадвор. На почеток сосема непречено и, соодветно на тоа, нескриено! Претставникот Фон Ромберг од Софија извести дека извесен господин Бакстон (Mister Buxton) од англискиот комитет за Балканот - со руска помош - се потрудил во Софија,

„да ги придобие Бугарите за идејата за обединување на балканските народи со Турција, во насока против Германија/Австрија.“ [266] (!!!)

Зарем никој во Германија или Австрија не го чу сигналот за тревога? Еден таков систем на сојузи, недвосмислено вперен против двете германски држави, не смеел да остане без никаква реакција од германско(јазичните) политички раководства!

Овој предлог и коалицијата (поточно: „Антантата”) која стоеше зад него сосема соодветствуваа на новите текови на фронтот во централна Европа: и таму избувна вистинска револуција. По пресвртниот момент во историјата, основањето на Antanta Cordiale меѓу Англија и Франција во 1904 год., во 1907 год. дојде до судбоносна Тројна Антанта со Русија. (Бизмарк мора да се превртел во гробот.)

Но, тоа не беше сè. Антантата потоа, со помош на Балканскиот сојуз, кој, како што е познато, беше доследен на своите стремежи против Турција, се обиде да ја комплетира својата стратешка коалиција околу Тројниот сојуз, односно околу централните сили.

Стариот добар „Тајмс“ ништо не напиша за ова. Веројатно беше во дослух со британската власт (или барем беше замолен за дискреција). Неговата горенаведена статија треба да се сфати повеќе како придонес кон маневрот на Антантата за прикривање и оправдување, отколку како информација и расветлување.

Толку уверена во својата сигурност поради тоа што противниците не беа свесни за нејзините намери, Антантата можеше да продолжи со своето долгорочно планирање: надворешното влијание врз балканските држави продолжи.

**Во мултиетничките општества, повеќепартискиот систем, сепак, често завршува со етнизација на политичката игра. Босна е класичен пример за оваа појава. Во текот на повеќепартиските избори од 1990 година, сите три националистички партии Партијата за демократска акција (СДА муслиманска), Српската демократска партија (СДС) и Хрватската демократска заедница (ХДЗ) имаа резултати кои одговараа на релативното значење на групите што тие сакаат да ги претставуваат, иако речиси третина од граѓаните, сепак, одлучи да гласа за ненационалистичките партии. Оттогаш, ниту еден политички план не успеа да се наметне и да ги совлада овие етнички бариери.**

**(„Le Monde diplomatique“, Франција)**



Следниот пат тоа беше руски емисар, господин Шчегловитев кој, сигурно со англиска помош, требаше да ги придобие „Бугарите за идејата за сојуз на балканските Словени под руска закрила“.[267] За разлика од г-дин Бакстон, г-дин Шчегловитев на Бугарите им даде неодолива понуда:

„притоа како мамец треба да послужи влеаната надеж за руска поддршка на аспирациите на Бугарија кон Македонија.“ [268]

*Клучен акт* во стратегијата на Антантата до 1914 год. - и понатамошен доказ за компицираната разврска на “македонскиот јазол“.

За разлика од македонските, бугарските перспективи воопшто не изгледаа лошо.

Но, сепак, не се случи очекуваното.

Англија и Русија сторија сè да ги вовлечат балканските држави во своите планови за алијанса против Германија и Австрија.

Во Србија наидоа на разбирање. Но, и покрај атрактивната понуда, Бугарија ѝ одолеа на мамката. Преголема зависност од Русија, сепак, не ѝ одеше во прилог - искуствата од минатото под руски надзор не се заборавaa толку брзо. Впрочем, интересот на Бугарија беше насочен кон Македонија - но, не по цена да стане непријател на Австрија и Германија. Така, Софија конечно реши поинаку, бидејќи во Германскиот Рајх успехот ѝ се виде поголем.

Подоцна, откако Бугарија во октомври 1915 год., всушност, во Првата светска војна стапи од страната на Централните сили, изгледите дека ја донела вистинската одлука, сè до пред крајот на војната, воопшто не беа толку лоши.

[266] Извештај 138 Софија 26.11.1908 год., 14403
[267] Извештај 1449 Софија 14.12.1908 год., 14403.
[268] Извештај 138 Софија 26.11.1908 год., 14403.

### 2.2.5 Бугарско-српските натегања за Македонија

И покрај релативно јасната состојба на интереси, како што понатаму известува претставникот Фон Ромберг, бугарската влада се откажа од секакво изјаснување на мислењето и само изјавуваше надеж за постигнување на мирот.

Бугарскиот печат можеше повторно безгрижно да настапи и да се обиде да ги одврати српските интереси за Македонија:

„Сегашната критична состојба нуди можност на најгорчливите непријатели на Бугарите во Македонија, Србите, да им се докаже:

1). дека легалните српски интереси лежат во Босна и Херцеговина;

2). дека доколку овие интереси би биле загрозени од непријателот на сите Словени, Бугарите, како браќа по крв, кои ги очекува истата судбина, веднаш ќе застанат рамо до рамо со Србија.“[269]

Бугарскиот претставник во Белград, Тошев, не се задоволи само со создадениот немир. За да ги седне Србите на преговарачка маса, тој предизвика смртна тревога. Така, тој на германскиот колега Фон Рајхенау (von Reichenau) му рече:

„Но, помислата дека Бугарија би ги препуштила Стара Србија и Ускуп (денешно Скопје) на Србија, е една од српските илузии.“ Оттаму, следува дека Бугарија цврсто се држи „до својата стара политика, да го чува единството на Македонија и да се залага за автономија на целата Македонија.... Целта на оваа доследна политика е подоцнежното припојување на Македонија со Солун кон бугарската држава. На онаа политика не ѝ одговара проширување на Србија кон југот.“ ... „Во однос на подалечната иднина на Србија, според г-дин Тошев, таа како самостојна држава е осудена на пропаст. Доколку австриско-унгарската монархија по пат на природна еволуција прерасне во трио, според законот за гравитација ова трио ќе ја проголта Србија.“[270]



**Титовиот модел за заштита на идентитетот се распрсна во исто време кога и Југословенската Федерација. Државите-наследнички се обидуваат да го извлечат сиот свој легитимитет од својот национален карактер. Ваквиот развој беше донекаде, успешен во случајот со Хрватска, по цена на егзодус на поголемиот дел од српското население на оваа република. Во Македонија желбата легитимитетот на државата да се втемели врз етнонационалистичкиот пристап речиси ја турна земјата во граѓанска војна.**

**(„Le Monde diplomatique“, Франција)**

(Дали Хабзбуршката двојна монархија, покрај своето мултиетничко буре барут би се дрзнала да си дозволи уште и една тројна монархија со Босна, мора да се испита со помош на списите на австрискиот домашен, дворски и државен архив во Виена.)

Бугарските обиди сигурно не беа тие кои конечно доведоа до бугарско-српско зближување. И до него се дојде, кон што ќе се навратиме во 5. поглавје, прилично изненадувачки. Причините за ненадејниот пресврт не може да лежат во триесетгодишните планови (т.е. надежи) вперени кон заеднички сојуз на сите балкански кралства. Тоа не би било многу веројатно, би било речиси и невозможно.

Зад тоа би морало да стојат помоќни преговарачки партнери со поатрактивни понуди.

Кога кралот Фердинанд Бугарски, во 1909 год., двапати, брзо едно по друго го посети српскиот крал во Белград, обете страни како обезглавени поитаа да ги убедат политичките кругови за безопасноста на овие средби, што „изгледаше како и обете страни да имаа нечиста совест“.[271]

Кога од крајот на февруари до почетокот на март 1910 год. бугарскиот кралски пар беше поканет да го посети царскиот двор во Санкт Петербург, за да му се предложи на Фердинанд (како непосредно претходно и на Милан, кралот на Србите) итно склучување на Балканскиот сојуз, тогаш министерот за надворешни работи Исволски му даде повод на бугарскиот крал да оствари посета на Цариград (која следеше на 20 март),

„за да се уништи сомнежот на Турција во врска со Балканскиот сојуз и таа ... да се оддалечи од Австро-Унгарија и Германија.“[272]

[269] Извештај 46 Софија 3.2.1909 год., 14403.
[270] Извештај 96 Белград 27.4.1909 год., 14403.
[271] Извештај 178 Софија 2.12.1909 год., 14403.
[272] Извештај 29 Белград 9.3.1910 год. In: J. Lepsius et.al.: Große Politik der europäischen Mächte. Bd. 27: Zwischen den Balkankrisen 19091911, Berlin 1925, стр. 128 f.

На сето ова, Вилхелм II не обрнуваше големо внимание. Тоа значи: нему не му беа туѓи руските (и англиските) манипулации. Или можеби натегањата околу Турција ги гледал како сосема нормално политичко секојдневие? Инаку, нему би требало да му бидат јасни последиците од англо-руската средба на монарсите крај Ревал, во јуни 1908 годиниа. (Види 2.3.10 и поглавје 5). Дали тој и останатите водечки личности во Берлин и Виена уште тогаш ја увидоа опасноста од горенаведената стратегија на Антантата за изолација, која дури и во формулацијата беше недвосмислено насочена против „Австро-Унгарија и Германија“? (Ова сѐ уште ќе се докажува.)

Поразителниот впечаток од штотуку предадениот цитат нема да се намали ниту со тоа што министерот за надворешни работи Исволски - за да ја потенцира безопасноста на посетата на обата балкански кралеви во Санкт Петербург - го задолжи дури и рускиот дипломат во Берлин, Шебеко, да објасни во Министерството за надворешни работи дека „патувањето на балканските владетели ... е исклучиво со мирољубиви цели.“ Напротив: барем овој очигледно разоткривачки чекор на дрска дипломатија би морало да им ги отвори очите на царот и на царската власт.

Дури откако Англија и Русија се потрудија и од јужната страна да го затворат сѐ уште отворениот круг на Двојниот сојуз и воедно и Турција да ја вклучат во анти-германската коалиција, Балканскиот сојуз стана опасен не само за Македонија - што, впрочем, беше непосредната цел на балканските држави - туку и за обете германски држави, што беше долгорочната цел на силите на Антантата.

Во врска со посетата на бугарскиот крал во Русија од интерес е и еден друг аспект:

„Воениот ополномошник на руското двор, капетанот з. С. фон Хинце (z. S. Von Hintze) на 7 март 1910 год., ... извести дека кралот Фердинанд ... предложил заедничко воено дејствие против Турција, чија цел за Русија треба да биде Цариград, а за Бугарија - Македонија и Солун.“[273]

Југословенскиот федерализам имаше наследено многу работи од царската традиција, измешани со влијанието на австромарксистичката теорија за националностите, која се обидува да ја одвои личната националност од територијалната припадност.

(„Le Monde diplomatique“, Франција)



Кобурѓанинот навистина го зафатила megaломанија! Доколку на Русите им ја открил својата тајна - т.е. како по еден ваков лекомислен потег ќе се одбранат од војските (и флотите) на Англичаните, Французите, Австријците, Грците и Италијанците (и тоа само неколку години по уништувањето на руската флота по поразот во источна Азија) - неговите фикс-идеи би можеле и да побудат интерес. Но Русија во меѓувреме ги насочи своите интереси во друг правец: против Германскиот Рајх.

### 2.2.6 Еден бугарски документ од исклучителна важност за Македонија

Еден извештај во декември 1909 год. беше повод царскиот дипломатски пратеник во Србија да му испрати на Министерството за надворешни работи текст со инструкција,

„кој бугарската влада во 1900 год. го испрати на својот тогашен претставник во Белград во врска со поделбата на сфери на влијание во Македонија, предложена од страна на Србија, и“, како што пишува понатаму г-дин Фон Рејхенау, „од кој една копија ми беше достапна во тоа време.“[274] (Годината „1900“ не е печатна грешка)

Со оваа инструкција пратеникот спасил еден толку фундаментален документ за аналите на Република Македонија, што се чини оправдано поопширно да се цитира соодветниот дел од извештајот - дотолку повеќе што ова е еден од ретките случаи во сите испитани документи, во кои македонскиот народ не е претставен само како жртва на агресивните соседи, како што и било вообичаено, туку и како предмет на трговија. Во документот на бугарската влада до нејзиниот претставник во Белград се вели:

[273] Исто. Фуснота.
[274] Извештај 237 Белград 6.12.1909 год., 14403

*...Она што се случувало во пракса е дека одредена Црква се прогласува себеси за автокефална вообичаено, претпоставувам, со поддршка од народот Божји нејзината автокефалност потоа не се прифаќа извесно време и на крајот таа добива Томос за автокефалност. Ова беше случајот со Црквите во Бугарија и Грција, на пример.*

*А теоретски, ова не би требало да се случува. Мајката Црква би требало да даде автокефалност. Но тоа некако ретко се случува зашто, се разбира, ниедна од овие Мајки Цркви не сака да го загуби делот од себе што бара автокефалност. Приказната на Црквата во Грција е јасен пример.*

*Понатаму, недоследноста ширум Православието по ова прашање е уште поголема од онаа меѓу теоријата и праксата. Зашто ниту кога bona fide процесот бил поддржан автокефалноста не била прифаќана од сите Православни Цркви. Така, кога Московската Патријаршија ѝ даде Томос за автокефалност на нејзината ќерка Црква, Руската Митрополија во САД, словенските Цркви ја прифатија автокефалноста на ПЦА, но грчките Цркви не го сторија тоа ни до ден денес, без оглед на фактот дека бил применет правилниот канонски процес за давање автокефалност. Како е можно православниот свет да покажал и продолжува да покажува таква недоследност во врска со признавање автокефалност? А сепак, дури и оние Цркви што не ја прифаќаат автокефалноста на ПЦА се во полна евхаристиска заедница со неа и нивните владици често сослужуваат со владиците од ПЦА. Но нејзиното име не се појавува во диптисите на Црквите од грчкото говорно подрачје иако тие се во полна евхаристиска заедница со неа. Нејзината богословија, на Св. Владимир, е една од најистакнатите и најдобри теолошки училишта во православниот свет.*

*Во 20-тите години од минатиот век Вселенската Патријаршија со промулгација на Томос ја создаде Полската Православна Црква возглавена од митрополитот Дионисиј. По политичките превирати што се случија во тој дел од светот, Полска падна под влијание на СССР, а Московската Патријаршија ѝ даде на таа иста Црква Томос за автокефалност иако таа веќе беше Автокефална Црква!*

*Во 20-тиот век Московската Патријаршија ѝ даде автокефалност на Чехословачката Православна Црква. Но, Вселенската Патријаршија ја сметаше оваа Црква за Автономна и ја водеше како таква сè додека не ѝ даде Томос за Автокефалност пред три-четири години, иако таа веќе беше Автокефална Православна Црква.*

*Москва ѝ даде автономија на нејзината ќерка, Јапонската Православна Црква, но грчкото говорно подрачје не ја прифаќа оваа автономија ниту ја вклучува оваа Црква во своите поменици.*

*За време на царизмот древната Автокефална Православна Црква на Грузија беше асимилирана во Руската Црква за да ја поврати својата независност дури по распадот на тој режим. Но, Цариград одбиваше да ја признае нејзината автокефалност сè до пред распадот на Советскиот Сојуз.*

*Неговото Високопреподобие, отец Даниил*
*(WALES ORTHODOX MISSION)*

„Имаме неспорни докази, а и случувањата во последниве години јасно покажаа дека големото мнозинство на христијанското население во Македонија секоја поделба на сфери на влијание ја сфаќа многу непријателски. Нивната желба оди до таму, да им се гарантира личната безбедност и правото на сопственост и да им биде дадена слободата мирно и мирољубиво да се развиваат и да ги уживаат сите права на рамноправни отомански државјани според меѓународните договори и законите на Отоманското Царство. Секаков обид за каква било поделба кај македонското население би предизвикал огромно незадоволство и во оваа братска земја би причинил еден таков раздор и неединство, што би можело да изврши многу штетно влијание не само врз тамошното население, туку и врз мирот и редот како во Бугарија, така и во Србија. Кога пред неколку години, за првпат, беше отворено прашањето на „сфери на влијание", од страна на населението во Македонија кон нас беа упатени најжестоки протести по однос на ова прашање. Населението со сите сили се бореше против една ваква поделба и се изјасни дека никогаш не сака да се стави ниту под старателството на Бугарија, ниту пак, под она на Србија. Идејата за сепарација и самостоен развој за кратко време стана толку популарна, што во многу места во Македонија почна да се оспорува постоењето на какви било племенски сродства или други врски меѓу тамошното население и оние од другите балкански држави."[275]

*Каква сензација!*

Во принцип доволно е да се остави да делува севкупниот впечаток на документот, за да се сфати трагиката на историјата, чија тогашна констелација го дозволила тоа, македонскиот народ да прерасне во објект на алчноста за моќ на неговите христијански соседи, иако исто како и останатите балкански народи можеше да биде ослободен од турската превласт.

Требаше да поминат 78 години од распарчувањето на Македонија, за кон крајот на XX век да дојде поволниот судбоносен час во светската историја, кога Македонија повторно - барем делумно - можеше да исплива од историскиот заборав.

**Всушност, националистите секогаш сакаат тие држави да бидат во т.н. природни граници и повеќе сакаат да зборуваат, на пример, за „етничка" Албанија отколку за Голема Албанија, заборавајќи дека Албанците, со векови, ги делат односните територии со другите заедници. Балканот е премногу тесен за да ги прифати сите контрадикторни државнотериторијални барања кои предизвикаа страшни борби со истовремено немилосрдно мелење на идентитетите кои не го прифаќаат новиот национален модел.**

**(„Le Monde diplomatique", Франција)**



Бидејќи секоја реченица од овој текст има толкава моќ на соопштување, и секоја говори за себе, нема потреба секоја од нив одделно да се коментира, на пр.:

- Противењето на Македонците на плановите за поделба и тенденцијата за национална самостојност беше јасна уште многу пред 1900-тата год., и тоа под името Македонија;

- Обидите за делба би предизвикале огромни незадоволства и раздор во Македонија, така што тоа би извршило штетни влијанија врз мирот и редот во Бугарија и Србија.

- Но, пред сè македонското население оспорува секакво племенско сродство со народите на другите балкански држави!

Документи за една „самоопределба", која со ништо не се споредува.

Впрочем, паѓа во очи тоа што во бугарската инструкција станува збор само за Срби и Бугари. Фактот дека и Грција би можела да се обиде да си ги припои словенските области, во 1900 год. за бугарската власт бил сосема незамислив.

[275] Извештај 237 Белград 6.12.1909 год., 14403

Во меѓувреме некои пропратни забелешки се покажаа сосема на место:

1.

Иако на сите балкански жители им беше докажано и добро познато дека Македонците се самостоен народ, Бугарите, Србите и Грците не се двоумеа во Првата балканска војна да ги нападнат своите христијански браќа и да ги одведат од едно во друго ропство. Ова го имаа веќе со векови зацртано и испланирано. Уште полошо: дури и да го припишеме *тогашното* однесување на „духот на времето", иако за тоа, всушност, нема никакво оправдување, сепак, во 1990/91 год. не живеевме повеќе во времето на империјализмот, туку во време на човекови и малцински права, но, и тука истите држави не се двоумеа - како да постапуваа и понатаму по правилото на „takiye", научено од Турција - со заведување и измама на европските „спријателени" влади, како и на светската јавност да им создадат претстава дека Македонците противзаконски ја поседувале својата држава, своето државно име, како и својот државен симбол па, дури и својот јазик! И тоа не е сè: дури и во XXI век истиве актери сè до ден-денес (Србите до вчера) со истите тие невистини го чуваа целото семејство на народи во лажно верување, дека тие за своите условувања, рестрикции, барања и опструирања насочени кон Македонија имале навистина основани причини. Тие непречено стојат зад ова, без притоа нашиот „Систем на држави" да ги повика на пристојност и да се исправи оваа неправда!

Ова создава разочарувачка слика за слабата способност на спроведување на вредностите на сите демократски сили на Западот и во Обединетите нации - особено во рамките на Европската Унија. Меѓународните институции имаат должност да му стават крај на ова самоволие.



**Меѓутоа, беа можни поинакви модели од јакнењето на државниот и на територијалниот национализам. Географската распрснатост ги спречи Ароманите (односно Власите, или уште познати и како Цинцари), да имаат какви било територијални претензии. Во Македонија, кон крајот на 19 век, имало меѓу 69.600 (според српската статистика од 1889) и 80.700 Аромани (според бугарската статистика од 1900), но само 25.100 според грчката статистика од 1904 година. Грците сигурно ги броеле како свои голем број Аромани, додека на Србите и на Бугарите очигледен стратешки интерес им бил минимизирањето на грчкиот елемент во Македонија.**

**(„Le Monde diplomatique", Франција)**

2.

Токму во вакви моменти кога се кроела историјата јасно се гледа трагиката на немоќноста на погодените - како историјата да не била создавана од дејствувачки ликови, туку како сама од себе да произведувала виновни и невини. Можеби во овој контекст, сепак, е дозволен еден принципиелно недозволен излет во историски шпекулации:

Да претпоставиме дека пратеникот кој тогаш (1900 год.) веќе бил на служба во Белград (вакви периоди на служба на едно место во тоа време не биле невообичаени), слично како и неговите европски колеги кои со сигурност го добиле документот и го препратиле кон своите матични земји, не ја испратил бугарската инструкција за Берлин во 1909 год., туку точно во годината на нејзиното објавување; и дека суштината на содржината - самостојноста на Македонија како и стремежот на Македонците за слобода и независност - во западна Европа и Русија би наишла иа истото разбирање, како претходно во случајот на Грција и Бугарија: тогаш, последното македонско востание во 1903 год. би било поддржано и би поминало успешно. Македонија ќе можеше одново да заживее во своите стари граници, како Грција, Србија, Романија (односно Молдавија и Влашка), како Црна Гора и Бугарија (и подоцна како Албанија). Последиците врз севкупните балкански збиднувања би придонеле за помирување: воопшто не би дошло до неправдата од Балканските војни во 1912 и 1913 год., која со себе повлече одново нова неправда, а Македонците не би мораle трпеливо да чекаат сè до пресвртот во светската историја 1989/90 год. за да добијат независност, барем во еден дел од нивната поранешна земја, во која опстојуваат веќе 1300 до 1400 години.

Сепак, историјата не тече така. Не според правото, законот и нормата, а за рамноправност воопшто и не станува збор.

Но, таа не смее да се одвива ниту онака, како што сакаат Бугарите, Грците и Албанците, односно таа да биде водена исклучиво од нивните сопствени национално-егоистични интереси.

Во овој случај силите на редот на светскиот систем мораат да го сопрат тркалото на „направената“, пред сè фалсификувана историја и да го насочат во корист на слабите и обесправените.

3.

Има една реченица која, во контекст на разоткривањето на бугарската инструкција, сосема драматично за денешна Македонија останува незабележлива и на која поради нејзината невоочлива појава ѝ се заканува превид: желбата на христијанското население во Македонија одела дотаму „да му се гарантира личната безбедност и правото на сопственост и да му биде дадена слобода мирно и мирољубиво да се развива и да ги ужива ... сите права ... според меѓународните договори и закони“.[276]

Каква воздржана максима за пример! Колку мудрост лежи во ограничувањето на тогашните Македонци на ниедна друга цел, туку само да можат мирно и спокојно да си го водат животот во кругот на своите семејства - симпатична тенденција која според искуствата на авторот во Македонија и ден-денес го има своето право. Овие луѓе беа тие кои ја извлекоа единствената вистинска поука од јаремот низ столетијата - тоа не беа властољубивите империјалисти кои во XX век ниту еднаш не се почувствуваа подготвени да се ослободат од лошите навики од XIX век и кои својата надуеност ја продолжија и во XXI век...

Како дополнување на оваа позитивна оценка ќе биде споменато дека познавачите на Балканот дури и во современиево на Македонците им го признаваат високиот човечко-морален квалитет. Во врска со неговото изјаснување околу омразата кон муслиманите на Балканот по 500-годишното турско ропство, чија разорна моќ се докажа и во војната во Босна, Кристијан Фокс пишува дека според него *оваа омраза* била

**Во пространата отоманска Македонија, различни христијански народи безмилосно се бореле за да го одредат националниот идентитет на населението. Училиштето и попот – српски, грчки или бугарски – често ќе го одредуваат уште непостојниот идентитет на ова население, па владите од Белград, Софија и од Атина ги користеле сите средства за да го остварат својот план. Веќе се назирала поделбата на Македонија, која е објавена со договорот од Букурешт во 1913 година.**

**Отоманскиот модел е во суштина, царски: семоќниот центар на моќта е гарант на општествената рамнотежа. Спротивно, национализмот се појавил како феномен неразделен од политичката демократија.**

**(„Le Monde diplomatique“, Франција)**



„во Македонија видливо послабо изразена поради долгата традиција на етничка толеранција и 'игуменски идентитет', отколку во православните соседни држави Србија, Грција и Бугарија, чии државни творби се оформиле непосредно од Османлиското царство“[277]

Македонската толеранција во тоа време и денес, во XXI век, била и е повторно злоупотребувана - во рамките на Република Македонија и однадвор.

Така, прастара народна поговорка избива на површината на помнењето: Најдобриот не може да живее во мир кога тоа не му се допаѓа на лошиот сосед.[278]

Оттаму мора да се допушти прашањето: смее ли Европската Унија со отворени очи да се занимава со невистини и неправедности?

Hans-Lothar Steppan

„Македонскиот јазол“

Идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз (1878-1914)

Аз-Буки, Скопје, 2004 г.

Едиција: ЕОНИ
Книга 3

[276] Извештај 237 Белград 6.12.1909 год., 14403

[277] Chr. Voss: Der albanisch-makedonische Koflikt… исто, стр. 273, фуснота 175 а.

[278] Ова е верзија, која важеше за училишните денови на авторот; тој е свесен дека оригиналниот текст кај Шилер започнува поинаку: “Es kann der Frömmste nicht in Frieden bleiben, wenn…” (најпобожниот не може да остане мирен кога...“).